Дафина ГЕРАСИМОВСКА УДК: 904:728(381)„652“

# ПОЈАВАТА НА ПЕРИСТИЛОТ КАКО ЕЛЕМЕНТ НА АНТИЧКАТА КУЌА

***Кратка содржина***

*Основната карактеристика на куќите, коишто се пронајдени во Република Македонија низ целиот античкн период, е дворот како главен обединувачки елемент, иако во некои од раноантичките куќи, со мала површина, се забележува отсуството на внатрешен двор.*

*Кај куќите од раноримскиот период дворот еволуирал во атриум, којшто на овие простори, во зандината на морскиот брег, е присутен понекогаш и подоцна. Доцноримските куќи најчесто имаат внатрешен двор, ограден од две, три или четири страни со трем со што се оформува перистил или најчесто псевдоперистил. Перистилот, во составот на античките куќи, се јавува како резултат на желбата за имитирање на античката грчка јавна архитектура.*

*Во римските куќи, откриени во Република Македанија, најчесто се сретнуваат токму псевдоперистилите.*

*Исчезнувањето на перистилот од составот на куќата, односно исчезнувањето на перистилната куќа, се поклопува со крајот на доцноантичкиот период.*

***Клучни зборови:*** ПЕРИСТИЛ, ПСЕВДОПЕРИСТИЛ, КУЌА, АНТИКА.

Со појавата на перистилот, во просторната организација на античката куќа, пред сè како центар на општествениот живот, за прв пат може да се говори за благороднички куќи. Перистилот произлегува од грчката куќа со внатрешен двор, којшто нудел средина во којашто најчесто се сретнува столбот. Самата архитектонска форма и називот на овој составен елемент на куќата, произлегува од грчката јавна архитектура. Долгите редови од столбови укажуваат на јавен трем, стоа, а распоредени во правоаголна форма упатуваат на гимнасијот во хеленистичкиот град. Сето ова не насочува кон хеленистичката јавна архитектура како инспирација за оформување на перистилниот двор, којшто претставувал битен елемент во просторната

организација на приватните куќи, во текот на античкиот период. Некаде во 5. век ст.е. веќе би можело да се говори за перистилен двор во склопот на античките куќи. Ваков извонреден пример на внатрешен перистил се сретнува во некои куќи од раниот 4. век ст.е. во Еритрија[1]. Со појавата на перистилот, дворот добил архитектонска форма, станувајќи простор со суштинска вредност. Во раната антика, тој бил најчест елемент во куќите од доцниот класичен и хеленистички период. Понекогаш, на овој тип се гледа како на варијанта на пастас[2] типот, но со тремови коишто се протегаат на повеќе страни од дворот[3]. Внатрешниот перистил се сретнува како во куќите на грчките острови, како на пример на Делос, така и на копното, на пример во секторот на вили во Олинт. И некои приенски куќи од типот простас,[4] во доцнохеленистичкото време биле трансформирани и го добиле перистилот како составен елемент.

Визуелниот карактер на перистилниот двор бил детерминиран со столбовите коишто во античка Грција претставувале елемент на високата архитектура. За хеленистичкиот период не биле невообичаени и двокатните перистили, како на пример во Делос кадешто покрај двокатни, се сретнуваат дури и трикатни перистили. Заради нивните мали димензии, тие наликувале на бунар за осветлување.[5] Комплетен перистил (со трем од сите четири страни) на два ката, како составен елемент на куќата постоел и кај раноантичките куќи во Пела. Таков перистил бил пронајден и во грчките колонии на Сицилија, на пример во една куќа во Монте Јато од околу 300 година ст.е.[6]

Ваквата архитектонска форма, од грчкиот исток, била импортирана во римската куќа. Присвојувањето на карактеристиките на грчкиот јавен живот, од страна на Римјаните, е потврдено и со воведувањето во употреба на мермерните статуи и насликани панели при декорирањето на објектите. Еднаш прифатен од Римјаните, перистилот, до 1. век н.е., станал потполно втопен во планот на римската куќа. Со неговото додавање кон атриумот се зголемил фокусот во

---

[1] Walter-Karydi 1998, 5, сл. 6.; Nevett 2001, сл. 32, 33.

[2] На северната страна од дворот на раноантичките грчки куќи се протегал долг трем, којшто најчесто се потпирал на дрвени столбови, идентификуван како пастас.

[3] Nevett 2001, 22-23.

[4] Простас се нарекува влезниот хол, еден вид трем со два стоба помеѓу антите, присутен пред основната групација на простории, карактеристични за поголемите куќи во Приена.

[5] Walter-Karydi 1998, 20-22, сл.17a-b.

[6] Walter-Karydi 1998, сл. 16; Перистилот во оваа куќа имал дорски столбови во приземјето, а јонски на катот.

главната приемна просторија.[7] Перистилот, приклучен кон севкупната основа на куќата се сретнува и во повеќето куќи во Помпеи и Херкуланеј.

Куќите на елитата, добивале мултиплицирани атриа и перистили чинејќи ги видливи разликите во социјалниот ранг коишто требало да им бидат прикажани на посетителите, како показатели на повисокиот социјален стандард.[8] Единствениот лимит за луксузот на перистилот бил паричникот на сопственикот на куќата. Новите ритуали на задоволство и себепретставување биле овозможени во овој простор од куќата, не само како резултат на богатството на сопствениците туку и со присуството на архитектите и уметниците коишто емигрирале од девастираниот Исток, за да најдат работа на италска почва.[9]

Перистилите биле пораскошни и зафаќале поголем простор од атриумот, такашто било потешко да бидат имитирани, што водело до поголема оригиналност во нивното обликување. Во помалите куќи, тие морале да доживеат измени во својот изглед, со присуство на трем само на две или три страни, чинејќи псевдоперистили. Приклучувањето на перистилот во просторната организација на римската куќа, значело на извесен начин, внесување на градината во внатрешноста на куќата.

Во текот на античкиот период, перистилите биле присутни во куќите речиси во сите региони.[10] Како резултат на ширењето на римската империја, нив ги сретнуваме како составни елементи на раскошните куќи во западните провинции, во Северна Африка,[11] потоа во градовите на источните провинции,[12] а тие останале преовладувачки елемент, како во градските куќи така и во палатите и вилите, сè до крајот на античкиот период.[13] Уредувањето на вилите било диктирано од економската моќ на сопственикот, неговиот општествен статус, од локалните традиции, климата, практичната употреба како и желбата за романизираност. Како резултат на сето тоа, перистилот го сретнуваме и како дел од повеќето вили.

Оваа архитектонска форма е вообичаена и за основите на доцноримските куќи како во градовите, така и во предградијата и на

[7] George 1998. 84.

[8] Grahame 2001, 174.

[9] Clarke 1991, 13.

[10] Swoboda 1990, 83-84.

[11] Во повеќето градови како Птолемаис, Волубилис, Типаса, Тимгад, Сабрата, Картагина и др.

[12] Во градовите како Ефес, Палмира, Антиохија, Апамеја, во Зеугма на Еуфрат и др.

[13] Mac Donald 1986, 207-209; Browning 1979, сл. 2.

полските имоти на просторите на Балканскиот Полуостров. Мошне впечатливи перистили се сретнуваат во куќите во Медијана, Ремезијана, Феликс Ромулијана, во Бутрот, Филипопол, Августа Трајана, Марцијанопол, Павталија, Абритус, во Стоби и др.[14]

Овој луксузен елемент не е констатиран како дел од раноантичките куќи во Република Македонија, пред сè заради малиот број на истражени објекти за живеење од оваа епоха.[15] Тоа се должи и на карактерот на градбите коишто не би можело да се окарактеризираат како репрезентативни градби.

Со римските објекти случајот е сосема поинаков. Перистилот во своите различни варијации е присутен, односно преовладувачки, во најголем дел од истражените куќи на просторот на Република Македонија коишто потекнуваат од империјалниот период. Тесниот градски простор во Стоби го диктирал присуството на псевдоперистили[16] во поголемото куќи, додека комплетен перистил, со трем од сите четири страни на дворот, се сретнува многу ретко, на пример кај *Куќата на ГР* (Домус Фулоника) (сл. 1). Псевдоперистили, со трем од двете страни, се присутни во т.н. *Епископска резиденција* (сл. 2), потоа во двата перистила во *Куќата на Партениј* (сл. 3, 4), во Стоби, како и кај рустичната вила на полскиот имот Пештерица, кај с. Ореовец (сл. 5), а перистили со трем од трите страни (сигма) се сретнуваат во *Куќите на Перистерија* (сл. 6) и *Полихарм* (сл. 7), како и кај т.н. *Коцкарница,* во суштина најверојатно уште една градска куќа (сл. 8) итн. Некои од овие перистили го менувале својот изглед во текот на своето постоење, такашто во една своја фаза имале трем од трите страни, а потоа од двете што би можело да му се припише на големиот перистил во *Куќата на Партениј* во Стоби.[17] Не е исклучена можноста дека, големиот перистил на раскошната *Куќа на Партениј,* бил двокатен. Тој бил длабоко вкопан во земјата такашто над подземниот дел, кадешто било пријатно во топлите лета, имало простор за издигање не само на простории за живеење на катот туку и за стобови поставени повторно околу отворениот централен простор, оформувајќи псевдоперистил.

---

[14] Срејовиќ 1993, 69-72, 170-171; Minchev 2002, 245-246.

[15] Остатоци од раноантички куќи се сретнуваат на островот Голем Град во Преспанското Езеро, на Исарот кај Марвинци, на локалитетот Глос кај Грчиште, во Охрид и пред сè во населбата на Вардарски Рид кај Гевгелија.

[16] Двор со трем од трите страни (сигма) или поретко само од двете страни.

[17] Во плановите на Ђ. Мано-Зиси 1939, 34 и И. Микулчиќ 2003, 171 се видливи тремови од трите страни на дворот.

Овој составен елемент на римските објекти за живеење е присутен и кај останатите градски, приградски, а веројатно и во слабо истражените рустични вили. Перистилите, речиси секогаш, зависно од можностите за дотур на вода, имале базени и фонтани со раскошни, декоративни, скулптурални елементи и вегетација. Во градските куќи во Стоби, фонтаните биле сместени во дното на псевдоперистилите, понекогаш решени на повеќе нивоа, како на пример во големиот перистил на *Куќата на Партениј.* И овие фонтани биле богато декорирани со ниши. Нишите биле често обложени со стаклени мозаици и во нив поставени скулптури, донесени од различни делови на империјата и со различна временска припадност, како на пример во споменатиот перистил во *Куќата на Партениј* во Стоби, сочинувајќи на тој начин една цела музејска збирка. Без фонтана во перистилите останале *Куќата на ГР* (Домус Фулоника), заради невозможноста за напојување со вода и специфичниот псевдоперистил со екседра во т.н. *Епископска резиденција* во Стоби.

Перистилот останал присутен во просторната организација на резиденциите и низ доцноантичкиот период сè до крајот на античката епоха. Исчезнувањето на перистилот значело и исчезнување на типот на перистилната куќа, а С. П. Елис смета дека исчезнувањето на перистилната куќа го означува крајот на античкиот свет и неговиот начин на живеење.[18]

(Рецензент: *проф.д-р Иван Микулчиќ*)

[18] Ellis 1988, 565.

## ЛИТЕРАТУРА

Browning, Iain
– 1979: *Palmyra,* London 1979.

Walter-Karydi, Elena
– 1998: *The Greek House, The rise of noble houses in Late Classical times,* Athens 1998.

George, Michele
– 1998: „Elements of the peristyle in Campanian *atria*", *Journal of Roman Archaeology* 11, Ann Arbor 1998, 82-100.

Grahame, Mark
– 2001: „Material culture and Roman Identity, The spatial layout of Pompeian houses and the problem of ethnicity", *Cultural Identity in the Roman Empire,* London-New York 2001, 156-178.

Ellis, Simon P.
– 1988: „The End of the Roman House", *American Journal of Archaeology* 92, Boston 1988, 565-576.

MacDonald, William L.
– 1986: *The Architecture of the Roman Empire II, an urban appraisal,* New Haven-London 1986.

Мано-Зиси, Ђорђе
– 1939: „Урбанистички лик Стобија", Уметнички преглед 2 : 9, Београд 1939, 262-267.

Minchev, Alexander
– 2002: „'The House of Antiope'-Late roman residential house with mosaics at Marcianopolis (Devnya, Bulgaria)", *The Roman and Late Roman City, the international conference* (Veliko Trnovo 26-30 Juli 2000), Sofia 2002, 245-254.

Микулчиќ, Иван
– 2003: *Стоби, антички град,* Скопје 2003.

Nevett, Lisa C.
– 2001: *Houses and Society in the Ancient Greek World,* Cambridge 2001.

Swoboda, Karl M.
– 1990: „Antike und mittelalterliche Palaste", *Die Romische Villa,* Darmstadt 1990, 78-115.

Срејовић, Драгослав
– 1993: *Римски царски градови и палате у Србији,* Београд 1993.

Clarke, John R.
– 1991: *The Houses of Roman Italy: 100B.C. – A.D.250, ritual, space, and decoration,*Berkeley-Los Angeles-London 1991.

Dafina GERASIMOVSKA

# THE APPEARANCE OF THE PERISTYLE AS AN ELEMENT OF THE ANTIQUE HOUSE

## Summary

*The most important element of the ancient houses was the inner courtyard and the rooms were usually arranged around it. In the closing years of the fifth century BC certain innovations were made in the houses: the courtyard acquired a peristyle. These peristyles had formed the central courtyard of Hellenistic houses like those preserved at Delos and Priena. The peristyle derives from Greek public architecture.*

*When transplanted to roman houses they become articulated gardens, located whenever possible on the atrium axis in order to extend to the maximum the long view from the central door. The only limit on the luxury of the peristyle was the owneres purse. These spaces housed new rituals of pleasure and self presentation made possible not only by wealth but also by the architects who emigrated from the devastated east.*

*The roman houses in the Republic of Macedonia are characterized by a central peristyle with burgeoning vegetation and richly decorated fountains, which pleased the ear and offered refreshment. The great achievement of the peristyle was that it brought the garden right inside the house. Need for elegance is explicitly linked to position in the hierarchical rank.*

*The disappearance of the Roman peristyle house, says S.Ellis, marks the end of the ancient world and its way of life.*

***Keywords:*** *PERISTYLE, PSEUDOPERISTYLE, HOUSE, ANTIQUE*

# ПРИЛОЗИ




Сл. 1 – Стоби, *Куќаша на ГР* (Домус Фулоника), перистил, основа



Сл. 2 – Стоби, т.н. *Ейискойска резиденција,* перистил, основа





Сл. 3 – Стоби, *Куќаѿа на Парѿениј*, голем перистил, аксонометрија и пресек




Сл. 4 – Стоби, *Ку́ќата на Партениј*, мал перистил, основа, пресек и аксонометрија



Сл. 5 – Пештерица, с. Ореовец, перистил на рустичната вила, можна реконструкција



Сл. 6 – Стоби, *Кукаша на Перисшерија*, перистил, можна реконструкција



Сл. 7 – Стоби, *Куќата на Полихарм*, перистил, аксонометрија и пресек






Сл. 8 – Стоби, т.н. *Коцкарница*, перистил, основа и фотографија од денешната состојба на теренот